*Република Северна Македонија*
***МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА***
*Бр.* 05-4529/2
20. 11. 2019 *2019 година*
*Скопје*

*Врз основа на* ***член 77*** *од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ" бр.24/19 од 01.02.2019г.), а согласно Усогласениот Годишен план за јавни набавки бр. 01-2531/1 од 14.05. 2019 година,* ***по овластување на министерот за правда заменик Министерот за правда Оливер Ристовски*** *ја донесе следната:*

***ОДЛУКА***
***за јавна набавка***

*1.За потребите на Министерство за правда, потребно е да се спроведе постапка – постапка од мала вредност за доделување на договор за јавна набавка на стоки и тоа:* набавка на стоки – Набавка на софтвер за евиденција на постапките за медијација и модул за електронска евиденција на извршителите, замениците извршител и помошниците на извршителите.

*1.1.Предмет (вид) на набавка:* набавка на стоки – Набавка на софтвер за евиденција на постапките за медијација и модул за електронска евиденција на извршителите, замениците извршител и помошниците на извршителите.

*1.2. Предметот на набавка не е деллив:*
*Предметот на набавката е неделлив бидејќи за услуга од овој вид не е целисходно постапката да биде деллива, со оглед на тоа што услугите кои се предмет на набавка може да ги понуди еден ист економски оператор.*

*2. За задоволување на потребата од точка 1 на оваа одлука се утврдуваат средства во* ***вкупен износ од*** *500.000,00 без вклучен ДДВ, ДДВ во вредност од 90.000,00 денари или вкупна вредност со вклучено ДДВ изнесува 590.000,00 денари.*
*Плаќањето ќе се изврши од редовна буџетската сметка на Министерство за правда 637, Програма 10-Администрација, Ставка - 485, средства предвидени во буџетот на Министерство за правда за 2019/2020 година.*

*3. Начин и постапка за доделување на договорза јавна набавка*

*Постапката да се спроведе согласно **член 48**, од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ" бр.24/19), односно со спроведување на **набавка од мала вредност**, за доделување на договор за јавна набавка на услуги со објавување на оглас со користење на електронски средства преку ЕСЈН, која завршува со електронска аукција како последна фаза.*

4. *Критериум за доделување на договорот за јавна набавка согласно **член 99 економски најповолна понуда и се утврдува врз основа на економски најповолна понудена по спроведена електронска аукција преку ЕСЈН.***

5. *Плаќањето на предметот на набавка ќе се изврши вирмански со доставување на фактура во законски утврдениот рок во архивата на Министерство за правда.*

6. *Постапката да заврши со склучување на договор за јавна набавка на услуги.*

7. *За целосна реализација на постапката за доделување на договор за јавна набавка се формира комисија за јавна набавка во состав:*

| |
|---|
| 1. *Ацо Живковски - **претседател на комисија за јавни набавки*** |
| 2. *Владимир Јанковски –**член на комисија за јавни набавки*** |
| 3. *Теута Бериша - **член на комисија за јавни набавки*** |

| |
|---|
| 4. *Петар Мирковиќ - **заменик претседател на комисија за јавни набавки*** |
| 5. *Дниела Анѓеловска – заменик член на комисија за јавни набавки* |
| 6. *Катерина Паневска– заменик член на комисија за јавни набавки* |

8. *Се задолжува комисијата од точка 7 да ја спроведе постапката согласно со одредбите од **член 79** од Законот за јавните набавки.*
9. *За донесената Одлука за јавна набавка да се известат претседателот, членовите и нивните заменици од Комисијата за јавни набавки.*

10. *Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.*

## *ОБРАЗЛОЖЕНИЕ*

*Со цел реализирање на Годишниот план за јавни набавки бр. 05-692/1 од 28.01.2019 година и Усогласениот Годишен план за јавни набавки бр. 01-2531/1 од 14.05. 2019 година на Министерство за правда потребно е да се спроведе постапка за доделување на договор за јавна набавка на стоки. Предмет на набавка е набавка на стоки – Набавка на софтвер за евиденција на постапките за мдијација и модул за електронска евиденција на извршителите, замениците извршител и помошниците на извршителите.*
*Предметот на набавка не е деллив:*

*Предметот на набавката е неделлив бидејќи за стока од овој вид не е целисходно постапката да биде деллива, со оглед на тоа што услугите кои се предмет на набавка може да ги понуди еден ист економски оператор.*

*За задоволување на потребата од точка 1 на оваа одлука се утврдуваат средства во **вкупен износ од** 500.000,00 без вклучен ДДВ, ДДВ во вредност од 90.000,00 денари или вкупна вредност со вклучено ДДВ изнесува 590.000,00 денари*
*Плаќањето ќе се изврши од редовна буџетската сметка на Министерство за правда 637, Програма 10-Администрација, Ставка 485, средства предвидени во буџетот на Министерство за правда за 2019/2020 година.*
*Согласно на горенаведеното донесов одлука како во диспозитивот.*

*Доставено до:*
*- Комисија за јавни набавки*
*- Сектор за финансиски прашања*

*МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА*

*По овластување на Министер за правда*
*Заменик Министер*
*Оливер Ристовски*

*Подготвил: Марина Миновска, Советник*
*Контролирал: Маја Стефковска Панева, Раководител на одделение*